Македонскиот сојуз во Шведска реагираше со разочарување и чудење на SIOS-агенција за соработка на етничките организации во Шведска. Таа одлучи на својот годишен состанок да го одбие барањето на Македонскиот сојуз за членство во оваа организација.

SIOS тоа го има одлучено врз основа на тоа што се има задоволено на Грчкиот сојуз, дека името на Македонскиот сојуз во Шведска треба да се замени. Според SIOS-овата канцаларија причината била грчкиот сојуз и противењето на неговото членство на името на Македонскиот сојуз во Шведска, име кое нашиот сојуз го носи од 1992 година.

-SIOS одлуката за отфрлање на апликацијата на Македонскиот сојуз во Шведска ние не можеме поинаку да го толкуваме, туку како политичко на прашањето и како составен дел од грчко-македонскиот проблем „ изјави Јован Божиновски, претседател на Македонскиот сојуз во Шведска.

SIOS-овата платформа 2009-2012 експлицитно стои дека цел на SIOS-овите активности се состои од три области: јазик, култура и идентитет; развој и демократија и еднаквост и различност – што значи дека SIOS им има задоволено на грчките барања. Се прашуваме до што би довело понатамошно вакво работење на SIOS.

Македонскиот сојуз во Шведска смета дека SIOS има донесено една недемократиска одлука која предизвикува незадоволство и разочарување. И затоа Македонскиот сојуз во Шведска има одлучено да ја повлече апликацијата за членство во SIOS.

Македонскиот сојуз во Шведска ја има известено министерката Ниамко Сабуни и Младинскиот совет за однесувањето на SIOS.